# Дневна хемеротека за *18.11.2015г.*

## RadioMk - *Заврши фото-конкурсот „Делувај сега“: Доделување награди за најдобрите овој петок*




# Заврши фото-конкурсот „Делувај сега“: Доделување награди за најдобрите овој петок

Првиот фото-конкурс за климатски промени во државата, „*Делувај сега*“, заврши завчера заклучно со 15 ноември. Активисти, вљубеници во природата и подржувачи на борбата за чиста животна средина, зедоа учество во конкурсот, со своите фотографии кои имаа за цел да ја доловат главната тематика на конкурсот за 10те понудени категории, а тоа е дека климатските промени се насекаде околу нас. Тие не се случуваат само во далечните земји, туку зафаќаат голем дел од нашето секојдневие и во нашата држава.

Фото-конкурсот *#ДелувајСега* беше повик до сите граѓани, да ги искористат своите фотографски вештини за да ги фотографираат ефектите на климатските промени во нашата земја. Кандидатите имаа можност да ги пријават своите фотографии во било која од понудените десет категории: Климатските промени и водата, Климатските промени и здравството, Климатските промени и туризмот, Климатските промени и транспортот, Климатските промени и културното наследство, Климатските промени и шумите, Климатските промени и земјоделството, Климатските промени и природните катастрофи, Климатските промени и биодиверзитетот и Климатските промени и обновливите извори на енергија.

Овој петок, 20 ноември, во кафулето „Ли“ во Скопје, ќе се одржи свечено доделување на наградите за одбраните учесници со најдобри фотографии кои ќе бидат откриени токму на доделувањето. Наградите ќе бидат доделени на две најдобри фотографии за секоја од десетте категории. Наградите вклучуваат велосипеди и фото-камери. Победниците ќе бидат селектирани врз основа на лајкови на Фејсбук (50%) и врз основа на гласови на интернационално жири (50%).

Овој фото-конкурс е организиран од страна на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), Француската Амбасада во Скопје и Министерството за животна средина и просторно планирање, со цел да се подигне свеста за ефектите кои ги имаат климатските промени.

# МРТ - [Иванов на седница на Националниот совет за одржлив развој]

МРТ

## Иванов на седница на Националниот совет за одржлив развој

18.11.2015 09:21

**На седницата ќе бидат разгледани досегашните и идни активности на Република Македонија во пресрет на учеството на Самитот на ОН за климатски промени, што ќе се одржи во Париз, и ќе бидат разменети мислења во однос на усвоената декларација на Самитот на ОН за одржлив развој, што се одржа во Њујорк...**

Share 0 Ми се допаѓа 0 Tweet 0



Претседателот на Република Македонија Ѓорге Иванов ќе се обрати на петтата седница на Националниот совет за одржлив развој со која ќе претседава вицепремиерот за економски прашања Владимир Пешевски.

На седницата ќе бидат разгледани досегашните и идни активности на Република Македонија во пресрет на учеството на Самитот на ОН за климатски промени, што ќе се одржи во Париз, и ќе бидат разменети мислења во однос на усвоената декларација на Самитот на ОН за одржлив развој, што се одржа во Њујорк.

На настанот обраќање ќе имаат и француската амбасадорка Лоренс Оер и претставникот на УНДП во Македонија, Луиза Винтон.

На трибината ќе учествуваат високи владини претставници, експерти во областа на економските и општествените прашања и животната средина, како и претставници на стопанските комори и на академскиот сектор.

## Радио МОФ - [Дискусија] Граѓански бунт за воздух




# [ДИСКУСИЈА] ГРАЃАНСКИ БУНТ ЗА ВОЗДУХ

0

17/11/2015 - 17:28

ГРАЃАНИ

Каков воздух дишат скопјани, кои се последиците од загадувањето, дали граѓаните знаат да се изборат за своето уставно право – да дишат чист воздух?

Ова се дел од прашањата за кои во студиото на Радио МОФ ќе дискутираме со претставници на граѓанските иницијативи „Ќе дишеме или ќе издишеме", „Заедно за заштита на зеленилото во Карпош" и „Стоп за смрдеата во Аеродром и Лисиче". Тие во прво лице ќе зборуваат за своите проблеми, за потребата од информирање на граѓаните, но и за досегашните искуства на иницијативите во соработката со надлежните институции.

Дискусијата е насловена „Граѓански бунт за воздух", а ќе се емитува утре (18 ноември) во живо во 17:30 часот, при што покрај аудио, ќе биде обезбеден и видео пренос на YouTube каналот на Радио МОФ.

Разговорот ќе го води новинарката Јасмина Јакимова.




Сите новости поврзани со загадувањето на воздухот може да ги следите и на хаштагот #НеСеДише.

## еМагазин - [Греењето на дрва една од најголемите причини за загадувањето]

еМагазин
Прв македонски онлајн магазин

### Греењето на дрва една од најголемите причини за загадувањето

543 VIEWS НОЕМВРИ 18, 2015 ЧИСТА ОКОЛИНА КАМЕЛИЈА ДЕЛИЈА

Share Tweet 0
0



Пред еден месец започна грејната сезона, а со тоа и загадувањето. Три четвртини од населението во Македонија секојдневно се грее или готви на дрва.

Во руралните средини ги употребуваат 95% од домаќинствата, а во урбаните дури 60%. Користењето огревно дрво во последните три години има растечки тренд, а во периодот од 2005 до 2010 година се зголемува за по 6%.

Од друга страна, само 10% од домаќинствата имаат централно греење, а еден дел комбинираат греење на струја и дрво. Згора на тоа, домовите што се загреваат се лошо изолирани, а грејните тела неефикасни, па потрошувачката на енергија за затоплување во Македонија е два до три пати поголема во споредба со Западна Европа.

Ова го покажува извештајот за зелен раст на Светска банка, каде се нотира дека растечкиот тренд на употреба на огревното дрво е меѓу причините за загадувањето на воздухот во Македонија дека е едно од најголемите во Европа.

Емисиите на јаглерод диоксид и на цврстите честички, кои, меѓу другото, се продукт и на навиките за греење на домовите, ја рангираат нашата држава на петто место во Европа според смртноста од загаден воздух, констатираат аналитичарите на Светска банка.

Како причини за тоа што македонските граѓани и во 21 век, кога решаваат на што да се греат, приоритет му даваат на дрвото, се посочуваат високите цени и лошиот квалитет на снабдувањето со централно греење, скапата струја и недоволно развиената мрежа за гас.

Во употребата на огревно дрво во Европа блиску до нас се само Црна Гора, Босна и Херцеговина и Косово.

Во националната стратегија има зацртано две сценарија за таканаречен зелен раст. Со зеленото до 2020 година емисијата на стакленички гасови од секторот енергетика треба да ја намали за 40%, а со суперзеленото за 70%.

Кога е во прашање прекумерната употреба на огревно дрво, голем дел од проблемот се очекува да реши гасификацијата на домовите, која е поблиску од кога било досега.